Audit & Business Advisory

# АД Галеб, Охрид

Посебни финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година и

## Извештај на независните ревизори

A member of mgiworldwide

| Содржина | Страна |
|---|---|


ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ 1

ПОСЕБНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

- Посебен извештај за финансиска состојба 6
- Посебен извештај за сеопфатна добивка 7
- Посебен извештај за промените во капиталот 8
- Посебен извештај за паричните текови 9
- Белешки кон посебните финансиски извештаи 10
- Прилози

Audit & Business Advisory

Ул. "1661" бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

До:
Раководството и Акционерите на
АД ГАЛЕБ, Охрид

# Извештај на независните ревизори

## *Извештај за посебните финансиски извештаи*

Ние извршивме ревизија на придружните посебни финансиски извештаи на АД ГАЛЕБ, Охрид (во понатамошниот текст „Друштвото"), составени од посебниот извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2023 година и посебниот извештај за сеопфатната добивка, посебниот извештај за промените во капиталот и посебниот извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

### *Одговорност на Раководството за посебните финансиски извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие посебни финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на посебни финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие посебни финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали посебните финансиски извештаи се ослободени од  материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во посебните финансиски извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално погрешно прикажување во посебните финансиски извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на посебните финансиски извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на посебните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година.

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.

A member of mgiworldwide

Ул. "1661" бр.9-50
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 6140 901
contact@a-ba.mk
www.a-ba.mk

# Извештај на независните ревизори (продолжува)

***Мислење***

Наше мислење е дека, придружните посебни финансиски извештаи, ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД ГАЛЕБ Скопје на ден 31 декември 2023 година, како и резултатот од неговото работење и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на посебен годишен извештај за работењето на Друштвото за 2023 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на посебниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во посебната годишна сметка и посебните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2023, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во посебниот годишен извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2023, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во посебната годишна сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2023.

А&БА Гроуп дооел, Скопје

Овластен ревизор

Управител

Дарко Калин

Дарко Калин

07 Мај 2024 година

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година.

MGI Worldwide is a network of independent audit, tax, accounting and consulting firms. MGI Worldwide does not provide any services and its member firms are not an international partnership. Each member firm is a separate entity and neither MGI Worldwide nor any member firm accepts responsibility for the activities, work, opinions or services of any other member firm. For more information visit www.mgiworld.com/legal
A&BA Group d.o.o.e.l. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of MGI Worldwide, and forms part of the international MGI network of independent member firms.

A member of mgiworldwide

**ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 107.204 | 104.007 |
| Нематеријални средства | 7 | 5.535 | - |
| Вложувања во подружници и придружни друштва | 8 | 3.294 | 3.294 |
| | | **116.033** | **107.301** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 9 | 8.124 | 10.288 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 10 | 31.362 | 24.031 |
| Побарување за данок на добивка | 11 | 582 | 582 |
| Парични средства и еквиваленти | 12 | 20.328 | 12.663 |
| | | **60.396** | **47.564** |
| **Вкупно средства** | | **176.429** | **154.865** |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Основачки капитал | 13 | 122.848 | 122.848 |
| Акумулирани добивки | | (4.483) | (29.224) |
| | | **118.365** | **93.624** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни финансиски обврски | 14 | 18.354 | 20.523 |
| | | **18.354** | **20.523** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 15 | 19.885 | 19.212 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 16 | 17.288 | 21.506 |
| Обврска за данок на добивка | 17 | 2.537 | - |
| | | **39.710** | **40.718** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **176.429** | **154.865** |

Белешките претставуваат составен дел на посебните финансиски извештаи

Овие посебни финансиски извештаи се одобрени од Управниот Одбор на Друштвото на ден 14 март 2023 година и потпишани во негово име од:

**Димитар Василески**
Генерален директор

**ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 18 | 199.879 | 172.780 |
| Останати оперативни приходи | 19 | 1.478 | 3.406 |
| Материјални трошоци | 20 | (59.124) | (61.381) |
| Трошоци за вработени | 21 | (53.464) | (39.469) |
| Депрецијација и амортизација | 23 | (11.849) | (11.990) |
| Останати деловни трошоци | 22 | (46.780) | (47.363) |
| **Добивка од оперативно работење** | | **30.140** | **15.983** |
| Финансиски приходи | 24 | 13 | 35 |
| Финансиски расходи | 25 | (2.042) | (965) |
| **Добивка пред оданочување** | | **28.111** | **15.053** |
| Данок на добивка | 26 | (2.537) | |
| **Нето добивка за годината** | | **25.574** | **15.053** |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **25.574** | **15.053** |
| **ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА** | | | |
| **Основна и разводнета** | | **0,63** | **0,37** |

Белешките претставуваат составен дел на посебните финансиски извештаи

**ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**
**Во илјади денари**

| | Основачки капитал | Резерви | Нераспред. добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2022 година** | **122.848** | **-** | **(44.277)** | **78.571** |
| *Трансакции со сопственициите* | | | | |
| Распоред на акумулирани добивки | - | - | - | - |
| Сопствени трезорски акции | - | - | - | - |
| Објавени и исплатени дивиденди | - | - | - | - |
| *Вкупно трансакции со сопственициите* | *122.848* | *-* | *(44.277)* | *78.571* |
| Добивка за годината | - | - | 15.053 | 15.053 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна добивка | - | - | 15.053 | 15.053 |
| **На 31 декември 2022 година** | **122.848** | **-** | **(29.224)** | **93.624** |
| **На 01 јануари 2023 година** | **122.848** | **-** | **(29.224)** | **93.624** |
| *Трансакции со сопственициите* | | | | |
| Распоред на акумулирани добивки | - | - | - | - |
| Објавени и исплатени дивиденди | - | - | - | - |
| *Вкупно трансакции со сопственициите* | *122.848* | *-* | *(29.224)* | *93.624* |
| Добивка за годината | - | - | 25.574 | 25.574 |
| Сметководствена корекција | - | - | (833) | (833) |
| *Останата сеопфатна добивка* | - | - | - | - |
| Вкупна сеопфатна добивка | - | - | 24.741 | 24.741 |
| **На 31 декември 2023 година** | **122.848** | **-** | **(4.483)** | **118.365** |

Белешките претставуваат составен дел на посебните финансиски извештаи

**ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2023**
**Во илјади денари**

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕК ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| ***Прилагодувања за:*** | | |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | 28.111 | 15.053 |
| Амортизација на материјални средства | 11.849 | 11.990 |
| Неотпишана вредност на отуѓени основни средства | 169 | 5.231 |
| Приходи од продажба на основни средства | (130) | - |
| Кусоци по попис | 1.158 | 762 |
| Вишоци по попис | (25) | (104) |
| Отпис на обврски и добиени одобренија | (16) | (157) |
| Сметководствена корекција | (833) | (1) |
| Државни поддршки | (20) | (1.638) |
| Исправка на вредност на купувачи | 26 | 359 |
| Трошок за камати | 1.983 | 909 |
| Негативни курсни разлики | 59 | 56 |
| Позитивни курсни разлики | (13) | (35) |
| ***Зголемување (намалување) на тековните средства*** | | |
| Залихи | 1.031 | (1.793) |
| Побарувања од купувачи | (7.403) | (5.356) |
| ***Зголемување (намалување) на тековните обврски*** | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | (4.202) | (2.648) |
| Обврски за данок од добивка | - | - |
| *Нето паричен тек од работењето* | 31.744 | 22.628 |
| Платени камати | (1.983) | (909) |
| Платен данок на добивка | - | - |
| **Нето готовина од деловни активности** | **29.761** | **21.719** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕК ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Набавка (продажба) на недвижности, постројки и опрема | (15.085) | (12.752) |
| Набавка (продажба) на нематеријални средства | (5.535) | - |
| **Нето готовина од инвестициони активности** | **(20.620)** | **(12.752)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕК ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Исплатена дивиденда | - | - |
| Државни поддршки | 20 | 1.638 |
| Краткорочни финансиски обврски | 673 | (7.038) |
| Долгорочни финансиски обврски | (2.169) | 4.905 |
| **Нето готовина од финансиски активности** | **(1.476)** | **(495)** |
| **Нето пораст (намалување) на готовина** | **7.665** | **8.472** |
| **Готовина на почетокот на годината** | **12.663** | **4.191** |
| **Готовина на крајот на годината** | **20.328** | **12.663** |

Белешките претставуваат составен дел на посебните финансиски извештаи